# Упатство за користење на ЕЗК во склоп на Prima MEDICA/Prima DENT

Соодветно на зголемениот број на дистрибуирани Електронски здравствени картички до осигурениците, се наметна потребата од нивна интеграција и полезно искористување при работењето со нашите софтверски решенија. За таа цел додадовме опции во софтверот каде ЕЗК се користи за полесно пребарување на пациентите и проверка на статусот на осигурување на пациентот. Начинот на користење на ЕЗК е мошне едноставен и лесно достапен, односно прилагодени се постоечките опции за пребарување по број на картон, да функционираат и доколку се отчита ЕЗК или рачно се внесе ЕЗБО на пациентот наместо бројот на картон. Самиот процес на отчитување на податоци од ЕЗК се реализира со кликање на копчето означено на сликата подоле, или пак со притискање на F2 на тастатурата. Ова опција покрај во екранот за преглед на пациенти, достапна е и во екраните за прием на пациенти , како и прием во лабораторија.




Доколку ЕЗК е правилно прочитана, се врши пребарување на пациентот и ако истиот постои во евиденцијата на ПЗУ, ќе се прикажат неговите податоци и дополнително инфромација за осигурувањето. Доколку пациентот не постои во евиденцијата на ординацијата, се отвора прозорот за внес на нов пациент.

Во случај ЕЗК да не е прочитана правилно или пак нема ЕЗК во читачот, софтверот ќе јави порака за тоа.

**НАПОМЕНИ ВО ВРСКА СО КОРИСТЕЊЕТО НА ЕЗК**

За да се користи оваа опција , неопходно е претходно да се изврши преземање на ЕЗБО на пациентите од евиденцијата на МЗ преку опцијатА која е достапна во прозорот за Синхронизација на податоци со МЗ. Доколку ова го имате веќе направено претходно, нема потреба да се прави повторно.

Исто така, за правилно да функционира читањето на картичките, потребно е да бидат инсталирани драјверите на читачот , како и клиентскиот софтвер од ФЗОМ, поради употребата на одредени библиотеки и во нашата апликација.

Во поглед на податоците за валидност на осигурувањето, напоменуваме дека истите моментално се преземаат од сервисот на МЗ, кој на дневна база се синхронизира со податоците за осигурување на пациентите од ФЗОМ. Имајќи го предвид ова, можно е доцнење на податоци за осигурување на даден пациент од најмногу еден ден, така да доколу се појави разлика во податоците за пациент помеѓу проверка на веб порталот на ФЗОМ и инфромациите воапликацијата, причината е токму гореспоменатата. Од страна на ФЗОМ има најава дека во блиска иднина ќе биде овозможена комуникација од нашите апликации директно до нивните податоци за проверка на осигурувањето, а дотогаш нќе се користи опцијата од МЗ.